**20181683054**

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## УКАЗ ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

Се прогласува Законот за дополнување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 7 септември 2018 година.

Бр. 08-5222/1
7 септември 2018 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
д-р **Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
м-р **Талат Џафери,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

Член 1

Во Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија” број 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16 и 132/17), по членот 151 се додава нов член 151-а, кој гласи:

„Член 151-а

Одредбите од членовите 92, 92-а, 92-б, 92-в, 92-г, 92-д, 92-ѓ, 92-е, 92-ж, 92-з, 92-ѕ и 92-и од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија” број 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16 и 132/17), нема да се применуваат од денот на влегувањето во сила на овој закон до 1 јануари 2019 година.“.

Член 2

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.